-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Оддел за административни и помошно-технички работи

**Архивски број:** 03-9479/5
**Датум:** 17.11.25

Врз основа на член 193 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.32/24 и 192/25) и член 33, 34 и 35 од Статутот на ЈУМ ЦСР Велес, В.Д.Директорот на ЈУМ ЦСР Велес, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за избор на член на Советот на корисници

В:Д:Директорот на ЈУМ ЦСР Велес, го донесе ова решение поради потребата за избор на еден член на Советот на корисници во врска со објавениот Јавен повик бр.03-9479/1 од 06.11.2025 година, со кое за член на Советот на корисници **се избира Ирена Жарова.**

Именуваниот член на Советот на корисници ќе биде со мандат во траење од 4 (четити) години. На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по лично барање.

Надчежности на Советот на корисници се:

- Предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата;
- Предлага член на Управен одбор од редот на своите членови;
- Дава предлози и мислења до до директорот и управниот одбор за други прашања што се од интерес за корисниците и установата

Работата на Советот на корисници се регулира со Деловникот за работа на Советот на корисници.

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Образложение

Врз основа на Решение бр.0812-9416/1 од 03.11.2025 година на ЈУМ ЦСР Велес со кое на Љокман Салија му престанува правото на родителски додаток за дете, В.Д.Директорот постапувајќи по службена должност донесе Решение бр.03-9435/1


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk

од 04.11.2025 година со кое на Љокман Салија му престанува мандатот на член на Советот на корсници.

Поради тоа, а согласно член 193 од Законот за социјална заштита и член 33 од Статутот на установата, В.Д.Директорот објави Јавен повик бр.03-9479/1 од 06.11.2025 година за избор на еден член на Советот на корисници и формираше Комисија за избор на член на Советот на корисници.

По завршувањето на Јавниот повик, Комисијата одржа седница каде што ги разгледа пристигнатите пријави и изврши избор на член на Советот на корисници, за што состави Записник бр.03-9479/4 од 14.11.2025 година и достави предлог за избор до В.Д.Директорот.

Согласно член 193 од Законот за социјална заштита и Предлогот од Комисијата, В.Д.Директорот на ЈУм ЦСР Велес, донесе решение како во диспозитивот..

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение не е дозволена жалба, но може да се поднесе тужба до надлежен основен суд.

ЈУ Меѓуопштински центар за
социјална работа – Велес
**ВД Директор**
**Бобан Нецинов**

Доставено до:
Кандидатот
Претседател на Комисијата за избор на член на Советот на корисници
Членови на Советот на корисници
Архива
Оддел за администартивни и пом-тех работи


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk